**ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

**НА ЛИЦЕ ЗАДОЛЖЕНО ЗА КОМУНИКАЦИИ И ВИЗУЕЛИЗАЦИИ**

Институтот за економски истражувања и политики "Finance Think" – Скопје е посветен на вработување и соработка со високо-мотивирани, амбициозни и талентирани економисти и професионалци кои се способни да размислуваат креативно за решавање на економските проблеми.

**Предвидени задачи (опис на работата) за огласеното работно место**

1. **Комуникации**
    - Развој и имплементација на стратегијата за комуникација и застапување
    - Учество во идентификување индикатори за мерење и евалуација на ефикасноста на сите комуникациски активности
    - Подготвување и спроведување маркетиншки кампањи, како и идентификување соодветни промотивни механизми и платформи
    - Развивање и имплементација на стратегија за социјални медиуми која ќе биде во согласност со основната комуникациска стратегија на Институтот, подобрување на присуството и видливоста на организацијата на социјалните медиуми
    - Конвертирање на постојните комуникациски напори на Институтот во Твитер пораки
    - Unified contact point на Институтот за комуникација со медиумите (за време на настани, при изјави, интервјуа, експертски ставови од страна на економистите од Институтот, прес конференции, соопштенија за медиуми, прес клипинзи и сл.)
    - Подготовка на комуникациските материјали сврзнаи со редовните и повремените публикации на Институтот, како и комуникациски пакети наменети за донатори
    - Придонес во унапредување на интернет страницата на Институтот и проектните интернет страници и придонес во нивното ажурирање
2. **Визуелизации**
    - Редовно следење на, и информирање за развојот на економските политики во земјата и предлози за нивна визуелизација
    - Идентификување и адаптирање на најдобрите практики и алатки за визуелизација на податоци, информации, наоди и резултати и нудење креативни решенија за конверзија на сложени и обемни информации во едноставни графички решенија разбирливи за широката публика
    - Комуникација со дизајнери

- Континуирано следење на развојот на новите технологии и советување на раководството како истите да се интегрираат во проектите на Институтот

**Потребни квалификации и вештини**

- Завршени додипломски студии од областа на комуникации, е-бизнис, маркетинг или сродна област на горните задачи.
- Вештини за користење социјални медиуми
- Разбирање и интерес за економија
- Познавање англиски јазик и напредна компјутерска писменост
- Нагласена креативност и способност за понудување идејни решенија за претставување сложени информации, наоди и резултати во лесно достапна и разбирлива визуелна порака
- Прецизност и запазување детали во работењето
- Способност за справување со повеќе разновидни задачи истовремено
- Навременост и строго почитување рокови

**За предност ќе се смета:**

- Работно искуство и/или дополнителни неформални обуки за комуникации и визуелизација
- Познавање алатки (софтвер) за визуелизација

Документите кои ги докажуваат горните барања, заедно со мотивациско писмо (една страна, задолжително), да се достават по електронски пат на konkurs@financethink.mk најдоцна до 25.06.2016.

Првичната селекција ќе се спроведе врз основа на доставените апликации. Само избраните кандидати во втор круг ќе бидат повикани на понатамошно тестирање и интервју.

Позицијата предвидува ангажман на договор на определено време од една година, со задолжителен тест/практикантски период од 3 месеци.